SYMPOSION

# П О К А Н А

## ЗА УЧЕСТВО НА
## ТРИДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА

## „СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИС НА СРЕДСТВА, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ, УСОГЛАСУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СО ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА И СМЕТКОВОДСТВЕНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ“

**КАЈ БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ, ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ТРГОВСКИ ДРУШТВА, НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

**(15–18 НОЕМВРИ ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА)**

## КОЈА Е ЦЕЛТА НА РАБОТИЛНИЦАТА?

Целта на работилницата е размена на *клучни знаења, искуства и практики* за *правилна и практична примена на законската регулатива* неопходна за законито, точно и навремено спроведување на целокупната постапка на попис и усогласувањето на сметководствената со фактичката состојбата.

## ЗОШТО ДА УЧЕСТВУВАТЕ НА РАБОТИЛНИЦАТА?

- Пописот е значително обемна, комплексна и одговорна работа.
- Пописот е една од најзначајните постапки пред изготвувањето на годишната сметка.
- Пописниот елаборат е предмет на внатрешна и надворешна ревизија.
- Пописот е одговорност на сите учесници во постапката.

## ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА РАБОТИЛНИЦАТА?

За вработените во организационите единици за финансии, сметководство, правни работи, внатрешна ревизија, членовите на пописни комисии, лицата задолжени за материјална евиденција, како и за одговорните лица на институции.

## ШТО ЌЕ ОПФАТИ РАБОТИЛНИЦАТА?

- ✓ План на активности за вршење попис (план за работа: кој, што, кога и зошто).
- ✓ Подготвителни работи за започнување попис.
- ✓ Утврдување на фактичка состојбата (попишување) на постојаните и паричните средства, обврски и побарувања, средства дадени/примени од други субјекти.
- ✓ Изготвување пописни листи.
- ✓ Утврдување разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба.
- ✓ Одлука за усвојување на резултатите од пописот.
- ✓ Даночен третман на кусоци и вишоци.
- ✓ Постапување со расходувани средства.
- ✓ Сметководствено евидентирање на резултатите од попис.
- ✓ Изготвување Извештај од спроведен попис.

SYMPOSION

## Кои работни материјали ќе ги добиете?

Покрај презентациите, учесниците во овој едукативен настан ќе добијат:

- ✓ Предлог-процедура/правилник за начинот на вршење на попис
- ✓ Предлог-план за работа на пописната комисија
- ✓ Предлог-одлука за попис
- ✓ Предлог-извештај од попис
- ✓ Листа со прашања за проверка на постапките на процесот на попис

## Како и каде ќе се спроведе работилницата?

**На високо интерактивно ниво**, со примери, прашања, одговори, студии на случај и дискусии. Учесниците ќе можат активно да поставуваат прашања, да разработуваат случаи и проблеми од практиката, за кои ќе добијат одговори и мислења.

**Време и место** на реализација: тридневната програма ќе се реализира во **Истанбул**, Турција, во периодот **од 15 до 18 ноември 2023** година.

Покрај деталите за начинот на пријавување, подолу е претставена и целосната **работна агенда** за тридневната работилница.

Повеќе информации за **предавачот**, кој ќе ги води и менторира едукативните блокови, како и детално разработената **програма на патувањето**, која ги опфаќа сите аспекти на аранжманот и местата на посета во Истанбул, ќе бидат доставени до заинтересираните учесници кои ќе испратат **барање** на нашата официјална електронска адреса info@simpozion.mk или на нашиот контакт број: **078 271 576**.

## Начин за пријава на учество

Со оглед на ограниченоста на капацитетите и важноста на навременото оформување група, Симпозион ќе им даде предност на првопријавените учесници. За учесниците пријавени **до 13 октомври**, предвиден е **попуст од 10%** на целиот аранжман и котизацијата за учество.

Котизацијата за работилницата изнесува 8.500,00 денари. Според тоа, за пријавите испратени до 13 октомври, цената за котизација **со попуст** изнесува **7.650,00 денари**.

Котизацијата вклучува**:** полно учество во работните сесии на тридневната работилница, користење на конференциска сала, кафе-паузи, сертификат за учество, сеопфатен работен материјал од работилницата, како и непосредна комуникација со предавачот за надминување на Вашите прашања и дилеми.

Заради квалитетот на работилницата и комфорот на работните услови, бројот на учесници е ограничен. Пријавувањето за учество на работилницата е отворено најдоцна **до 6 ноември** 2023 г. со пополнување и испраќање на **пријавниот лист** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната ел. адреса.

SYMPOSION

# А Г Е Н Д А

## Прв ден
*Среда, 15 ноември*

### 17.00–18.30 Подготвителни активности на постапката на попис

**Подготвителните активности – основа за квалитетен попис.**

1. Законската регулатива за вршење попис
2. Фази на пописот
3. Обврски за спроведување попис
4. Одлука/Решение за вршење попис
5. Формирање пописни комисии (централна и посебни комисии)
6. План на активности за вршење попис/план за работа

***Презентација на план за работа на пописната комисија и процедура за начинот на вршење попис.***

*Прашања, дискусија, практични совети и препораки за надминување на проблемите во процесот на подготовка на постапката за попис.*

## Втор ден
*Четврток, 16 ноември*

### 09.30-11.00 Утврдување фактичка состојба по попис и пописни листи

**За квалитетен попис, од особено значење е точното утврдување на фактичката состојба на постојаните и паричните средства, побарувањата и обврските, како и соодветното и правилно пополнување на пописните листи.**

1. **Попис на постојани средства** – материјални, нематеријални, во подготовка.
2. **Попис на парични средства** – денарски и девизни (сметки, благајна), хартии од вредност.
3. **Попис на побарувања и обврски** – правна основа, причини за неподмирени обврски, мерки за наплата на побарувањата, прилог документација.
4. **Попис на средства дадени или примени од други субјекти**.
5. **Пописни листи**.

***Практични примери, со пополнување на пописни листи.***

*Прашања, дискусија, практични совети и препораки за надминување на проблемите во процесот на утврдување на фактичката состојба.*

**11.00–11.30** Кафе пауза

**11.30–13.00 СМЕТКОВОДСТВЕНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПОПИС**

**ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПОПИС, ПОПИСНАТА КОМИСИЈА ИЗРАБОТУВА ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНИОТ ПОПИС, ВРЗ ОСНОВА НА КОЈ ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ИЛИ ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА СУБЈЕКТОТ НОСИ ОДЛУКА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА НА УТВРДЕНИТЕ РАЗЛИКИ.**

1. Сметководствено евидентирање на разликите (количински и вредносни) меѓу фактичката и сметководствената состојба.
2. Амортизација и ревалоризација.

***Практични примери за сметководствена евиденција на резултатите од пописот кај буџетските корисници и кај трговските друштва.***

*Прашања, дискусија, практични совети и препораки за надминување на проблемите во процесот на сметководствено евидентирање на резултатите од пописот.*

**ТРЕТ ДЕН**

***ПЕТОК, 17 НОЕМВРИ***

**09.30–11.00 ДАНОЧЕН ТРЕТМАН НА КУСОЦИ И ВИШОЦИ, РАСХОД И ОТУЃУВАЊЕ СРЕДСТВА/ИЗВЕШТАЈ ОД ПОПИС**

**ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ Е ЗАКОНСКОТО ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА ШТО ПРЕСТАВУВААТ РАСХОД, ПОСТАПКА НА ПРОДАЖБА, ПОДАРОК ИЛИ ОТПАД. ИЗВЕШТАЈОТ ОД ПОПИС Е РЕЗУЛТАТ НА ЦЕЛОКУПНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ПОСТАПКАТА НА ВРШЕЊЕ НА ПОПИС.**

1. Даночен третман на кусоци и вишоци.
2. Постапување со расходувани средства.
3. Постапка на отуѓување, преотстапување, подарување на основни средства.
4. Извештај од извршен попис:
    - прегледи на разлики (количински и вредносни) помеѓу фактичката и сметководствената состојба
    - прегледи и образложенија за средства и обврски чија фактичка вредност не е утврдена
    - забелешки и објаснувања во врска со утврдените кусоци или вишоци
    - предлози за постапување за утврдените разлики по попис

***Практични примери за кусоци и вишоци, расход, кај буџетските корисници и кај трговските друштва. Презентација на Извештај од извршен попис.***

*Прашања, дискусија, практични совети и препораки за надминување на проблемите со кусоци, вишоци и расходување на средствата.*

** Во продолжение се наведени податоците за пријавување и уплата на котизацијата и аранжманот.*

Друштво за едукација, консалтинг
и други интелектуални услуги
СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје

ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
**e-mail:** info@simpozion.mk
**тел.:** 078 271 576
www.simpozion.mk

## Податоци за пријавување и уплата

**Информации за уплата на котизација за работилницата**:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр. 54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 078 271 576

**Информации за уплата на аранжманот**:

Примач: ТА ТРАВЕЛ ТУДЕЈ – Скопје
Адреса: ул. Народен фронт бр.19а (ТЦ Б.Хилс), Скопје
Сметка бр. 210071635330297
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел.: 076 30 62 62

**Пријава за учество**:

**Пријавен лист** – учеството се потврдува со негово испраќање на: info@simpozion.mk
(последен рок за пријавување: **6 ноември** 2023 г.)